**20241763047**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 394 алинеја 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македоија“ бр. 98/19, 302/20, 122/21 и 33/24), министерот за внатрешни работи донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРОБНО ВОЗЕЊЕ НА МОТОРНО ВОЗИЛО**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на издавање одобрение за пробно возење на моторно возило (во натамошниот текст: одобрение за пробно возење).

Член 2

(1) За добивање одобрение за пробно возење, правното лице – организаторот на пробното возење поднесува писмено барање до надлежната организациска единица за управно – надзорни работи во Министерството за внатрешни работи (во понатамошниот текст: Министерството).

(2) Барањето од ставот (1) на овој член се поднесува најдоцна 30 дена пред датумот за одржување на пробното возење.

(3) Барањето од ставот (1) на овој член е дадено во Прилог број 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) По приемот на барањето од член 2 став (1) од овој правилник, надлежната организациска единица за управно – надзорни работи во Министерството, истото веднаш го доставува на согласност во организациската едница во Министерството надлежна за сообраќајни работи.

(2) Од страна на организациската единица надлежна за сообраќајни работи, по разгледување на барањето, се дава согласност за издавање одобрение за пробно возење, најдоцна 15 дена од денот на приемот на барањето.

(3) Согласност за одржување на пробното возење не се издава ако:

- барателот е физичко лице, односно лице кое не е овластено од правното лице – организатор на пробното возење;
- барањето не е навремено доставено;
- ако со пробното возење би се загрозила безбедноста на сообраќајот на патиштата и
- не е прибавена согласност од правното лице надлежно за одржување на патот на кој се врши пробно возење.

Член 4

(1) Согласноста од член 3 став 2 од овој правилник, се доставува до организациска единица за управно – надзорни работи во Министерството, со цел изготвување одобрение за пробно возење.

(2) Одобрението за пробно возење го изготвува организациската единица од ставот (1) на овој член, најдоцна 15 дена од денот на добивањето на согласноста од организациската едница во Министерството надлежна за сообраќајни работи.

Член 5

(1) Кон одобрението за пробно возење на правното лице – организатор на пробното возење му се издава и натпис „ПРОБНО ВОЗЕЊЕ“, со кој на предниот и задниот дел од возилото го одбележува моторното возило.

(2) Натписот од ставот (1) на овој член, е во хартиена форма со димензии на А4-формат.

(3) Натписот од ставот (1) на овој член е даден во Прилог број 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.13.1.1-88994/1
21 август 2024 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски,** с.р.

Прилог број 1

ДО:
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
____________________________________________
(Назив на организациска единица )
_______________________________________________
( седиште на организациска единица)

БАРАЊЕ
за добивање на одобрение за пробно возење

(Да се пополни читливо со печатни букви)

Од:________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________
(назив на правното лице-организатор на пробното возење )
со седиште на
Ул.__________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________
Даночен број ___________________________________
Депонент банка:_________________________
Жиро сметка___________________________________
Име и презиме на возачот_______________________________
Број на возачка дозвола________________________
Податоци за категориите на возачката дозвола , односно потврдата за познавање на сообраќајните прописи______________________________________
Цел на пробното возење кое се организира на јавен пат
__________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________
планирано е да се реализира на
Пат/улица:________________________________________________на следната релација:________________________________________________________________
Податоци за лицата кои се наоѓаат во возилото :
1. ________________________________________________________________________
2.__________________________________________________________________________
Основни податоци за возилото со кое се врши пробно возење
Вид _______________ Марка ________________ број на шасија _________________
Податоци за прописите од кои во текот на пробното возење ке се одстапува:
__________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________

Организаторот со активностите ќе отпочне на ден _____________ во _________ часот, додека пробното возење ќе започне на ден____________во_______часот.

За безбедно одржување на пробното возење, учесниците во сообраќајот и гледачите, организаторот ќе ги превземе следните мерки:

_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________

Датум ______________________ Потпис на барателот ______________________________

М.П.

ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО :

- Согласност од правното лице надлежно за одржување на патот - улицата
___________________________________
- Одобрение за вонреден превоз
___________________________________
- Доказ за платени административни трошоци
___________________________________

За точноста на податоците одговарам лично и материјално, а за сите грешки во податоците согласен/на сум да ги сносам последиците.

Потпис на службеното лице кое го примило барањето

__________________________

Датум :________________ Место:______________________

Прилог број 2

# ПРОБНО ВОЗЕЊЕ